„Енергетскиот сектор е особено ранлив на надворешен политички притисок и ни треба транспарентен и децентрализиран пазар“, рече Виола фон Крамон-Таубадел, известувачка за Европскиот парламент за Косово и известувачка во сенка на Европската слободна алијанса (ЕФА) за Србија, за време на веб-семинарот „Заробена држава: Премостување на јазот помеѓу дијагнозата и практичните решенија на Западен Балкан“ во организација на мрежата СЕЛДИ.




„За жал, како што споменува во последните извештаи на ЕУ, слободата на медиумите во земјите од Западен Балкан е под знак прашалник, бидејќи огромното мнозинство на медиуми се под директно влијание на политичката моќ. Дури и ако медиумскиот пејзаж е плуралистички, тоа не значи дека е ослободен од политички или економски притисок “, нагласи Крамон-Таубадел.

Резултатите од истражувањето на СЕЛДИ „Проценка на заробена држава во Западен Балкан: Ризици и опции за политики“ откриваат дека повеќе економски сектори во регионот покажуваат симптоми што може да се припишат на заробена државата. Албанија и Србија се најлошо рангирани според повеќето индикатори, особено за критичното поле: судир на лични интереси, а неефикасните антикорупциски политики се проблем во сите овие земји. Антикорупциската политика се смета за особено неефикасна во државните институции поврзани со градежништвото во Албанија и Северна Македонија, во инспекторатите за труд во БиХ, Северна Македонија и Србија, во државни организации поврзани со медиуми во Косово и Србија, како и во мобилноста и транспортот и земјоделството во Албанија.

Според Александар Герганов, аналитичар во Центарот за изучување на демократијата од Бугарија, заробувањето на државата е институционализација на коруптивните односи, што доведува до приватизација на управувањето. Тој додаде дека препораките

за изготвување политики вклучуваат посилен политички ангажман со локалните лидери во врска со владеењето на правото и заштитата и следењето на судската независност и перформанси. „Другите препораки вклучуваат обезбедување транспарентност на сопственоста на медиумите, зајакнување на антимонополските закони и решавање на проблемите со конкуренцијата во критичните сектори, како што се енергијата, фармацијата и градежништвото“, рече Герганов.




Џулио Венери, раководител на Центарот за тематска експертиза (ЦОТЕ) за владеење на правото, основните права и демократијата нагласи: „Во последниот пакет за проширување можевме да известиме за многу позитивни случувања во некои земји, но дури и кога беа пријавени позитивни движења, сепак бевме принудени да забележиме дека има многу слабости и очекувања што треба да се исполнат“. Тој додаде дека е потребна политичка храброст која можат да си ја дадат доколку ги одржат блиските односи со граѓанското општество и граѓанските организации во регионот.

Миша Поповиќ од Институтот за демократија Социетас Цивилис укажа на тоа дека јазот помеѓу дијагнозата и решението е неповрзаноста на реформите и резултатите од истите. Дали реформите навистина ги даваат посакуваните резултати, дали може да се искористи енергијата поинаку- запраша Поповиќ и додаде дека без независно судство не може да очекуваме успех во справување со заробената државата.

Веб семинарот се одржа на 30 октомври 2020 година и го проследија 83 учесници. Оваа активност е во рамки на програмата „Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во Југоисточна Европа: Градење на капацитети за мониторинг застапување и подигање на јавната свест (СЕЛДИ)”, која се спроведува од мрежата за лидерство и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ), чиј координатор е МЦМС.